# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.31 од 15.03.2006 година**

## Член 1

Во Законот за јавните патишта ("Службен весник на Република Македонија" број 26/96, 40/99, 96/2000, 29/2002 и 68/2004), членот 109 се менува и гласи:

"Се ослободуваат од плаќање на надоместокот од членот 96 точка 4 на овој закон возилата, и тоа:

1) возила со полициска придружба;
2) видливо означени возила на Армијата на Република Македонија, полицијата, итната медицинска помош, Црвениот крст на Република Македонија, противпожарната служба и возила погребални и
3) возила на лица заболени од дистрофија, мултиплекс склероза, церебрална парализа, параплегија, хемиплегија, квадриплемија, детска парализа (полиомиелитис), лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување над 80%, утврдено со акт на надлежната комисија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија."

## Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".